Граѓанскиот ресурсен центар имаше **отворен ден со граѓанските организации (ГО) во Битола** на 10 мај 2018 година.



На средбата учествуваа **26 претставници на организации од пелагонискиот регион**. Тие истакнаа дека опкружувањето за ГО во нивниот регион е во лоша состојба. **Општините немаат контакт лице за поддршка на ГО**, недостасува стратешки пристап, а, а и таму каде што има локални стратегии за соработка со граѓански организации, **нема реализација на планираните активностите**.

Оваа активност е дел од Мобилниот ресурсен центар, чија цел е да ги приближи услугите на Граѓанскиот ресурсен центар до што е можно поголем број организации во цела Македонија. Мобилните ресурсни центри не само што им овозможуваат на локалните организации да бидат информирани за случувањата во граѓанскиот сектор и за активностите на Граѓанскиот ресурсен центар туку им даваат и можност да информираат со какви предизвици се соочуваат при работењето.




Дополнително, организациите **имаа можност да бидат вклучени и во консултативниот процес** и да дадат **свои предлози за новиот акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020.** Министерство за информатичко општестсво и администрација (МИОА) ги организира консултациите за новиот акциски план со поддршка на МЦМС во рамки на Граѓанскиот ресурсен центар.

Граѓанскиот ресурсен центар е проект финансиран од Европската Унија.